# З А П И С Н И К
**од Деветнаесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 3.8.2017 година**

**Скопје, август 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Деветнаесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 3.8.2017 година**

Седницата започна во 19:25 часот.

На седницата претседаваше заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Рената Дескоска, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваа и Снежана Наџаковска и Оливера Нечовска, државни советници во Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваше и д-р Арта Точи, заменик на министерот за надворешни работи.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски, портпарол на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи, Екрем Зендели, заменик на директорот на Дирекцијата за заштита и спасување, Роберта Теова, претставник од Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје, Апостол Симовски, директор на Државниот завод за статистика, Шаип Зендели, директор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Горан Јандриоски, директор на Агенцијата за цивилно воздухопловство и Нада Палиќ, нотар.

Од седницата отсуствуваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Самка

Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија и д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 15- та седница на Владата, одржана на 18.7.2017 година

- Усвојување на Записникот од 17- та седница на Владата, одржана на 28.7.2017 година

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Информација за обезбедување на потребните количини дизел гориво и финансиски средства за ангажирањето на механизацијата на Дирекцијата за заштита и спасување за поплавите во Тетово и Скопје во 2016 година, со Предлог-одлука

2. Тримесечен извештај за работењето на ЈП Македонски Железници Инфраструктура за период од 1.1.2017 година до 31.3.2017 година

3. Тримесечен извештај за работењето на Македонски железници Транспорт АД - Скопје, за период 1.10. - 31.12.2016 година

4. Информација за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за мај 2017 година, со Табеларен приказ

5. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за јуни 2017 година

6. Информација во врска со барањето за донесување одлука за доделување финансиска помош на МЖ „Транспорт“ АД - Скопје за подобрување на финансиската состојба

7. Информација за реализација на проектите: „Бесплатен викенд за млади лица до 27 години за превоз во железнички сообраќај“, „50% попуст за ученици и студенти“, „Бесплатен четврток за студенти во железнички патнички сообраќај“, „Средношколска среда“ и „Бесплатен викенд за стари лица во железнички патнички сообраќај“ за април 2017 година

8. Информација за реализација на проектите: „Бесплатен викенд за млади лица до 27 години за превоз во железнички сообраќај“, „50% попуст за ученици и студенти“, „Бесплатен четврток за студенти во железнички патнички сообраќај“, „Средношколска среда“ и „Бесплатен викенд за стари лица во железнички патнички сообраќај“, за мај 2017 година

9. Информација за вкупниот одземен конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети со кои управува Агенцијата за управување со одземен имот (за април 2017 година)

10. Финансиски извештај за четвртото тримесечје на 2016 година (сметано од 1.10.2016 година до 31.12.2016 година) на работењето на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје

11. Извештај за спроведениот попис на железничкиот сообраќај на главните меѓународни железници (Е- железници) во Република Македонија, во 2015 година

12. Годишен извештај за работа на Државниот завод за статистика за 2016 година

13. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за утврдување на Националната номенклатура на индустриски производи, 2008

14. Информација за продажбата на акциите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот од 1-ви април до 30- ти јуни 2017 година

15. Информација во врска со проверка на сите приматели на пензии со евиденција на починати лица со цел да се утврди дали има исплата на пензии на починати лица без основ

16. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за обезбедување од дејствија на незаконско постапување (Aviation Security)

**б) економски систем и тековна економска политика**

17. Информација за давање согласност за распишување на Јавен оглас бр.02/17 за давање во закуп земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари, по пат на електронско јавно наддавање, со текст на Јавен оглас, Предлог-одлука и Предлог-решение

18. Информација за давање согласност за распишување на Јавен оглас бр.01/17 за давање во закуп земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, со текст на Јавен оглас, Предлог-решение за формирање Комисија за давање во закуп земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари и Предлог-одлука за давање согласност на Јавниот оглас за давање во закуп земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари

19. Информација во врска со Иницијативата за измена на член 4 (2) од Одлуката за 2012/04/EnC- MC при Секретаријатот за енергетска заедница со која Директивата 2009/28/ЕС за промоција на користењето на обновливите извори на енергија стана обврска за земјите потписнички на Договорот за основање на енергетската заедница, во делот за Република Македонија, со текст на Иницијатива

20. Информација во врска со постапката за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Трница“ општина Студеничани согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина („Службен весник на Република Македонија“ бр.194/16), со Предлог-одлука

**в) политички систем**

21. Предлог-закон за ратификација на Спогодбата за соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Советот на министрите на Босна и Херцеговина во процесот на пристапување во Европската Унија

22. Извештај за завршени преговори за потпишување на Протокол меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за начинот на изработката на урбанистичко- планска и соодветна техничка документација, поделба на режиските трошоци и трошоците за одржување на заедничкиот објект, како и за начинот на вршењето на граничната контрола на Заедничкиот граничен премин меѓу Република Македонија и Република Косово наменет за меѓународен патен сообраќај „Белановце- Станчиќ“, со усогласен текст на Протоколот на македонски и англиски јазик

23. Извештај за учеството на припадници на Армијата на Република Македонија во мировната операција Алтеа во Босна и Херцеговина, во периодот од ноември 2016 година до мај 2017 година

24. Информација за иницијативите на Стопанската комора на Македонија и Нотарската комора на Република Македонија за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот и Законот за извршување

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

25. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Македонија

**26.** Информација за текот на реализација на Проектот за користење услуга на бањско климатска рекреација на корисници на пензија, за период март- јуни 2017 година

**27.** Информација за текот на реализација на Проектот за користење услуга на бесплатен туристички викенд на корисници на пензија за период март- јуни 2017 година

**28.** Информација за „Програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2020“, со најнов текст на Предлог-програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2020

**29.** Информација за проектот „Курсеви наменети за потребите на децата од семејства во социјален ризик, односно деца од семејства корисници на социјална и постојана парична помош, деца приматели на посебен додаток, деца приматели на детски додаток, деца без родители и родителска грижа и лица кои до осумнаесет години имале статус на деца без родители и родителска грижа“

**30.** Информација за Четвртиот министерски форум на земјите членки на здравствената мрежа на Југоисточна Европа и потпишување на Повелбата Кишињев 2017, со усогласен текст на Повелба

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) економски систем и тековна економска политика**

**б) политички систем**

**31.** Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Врховниот суд на Република Македонија

**32.** Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Апелационен суд Гостивар

**33.** Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Основниот суд Скопје II - Скопје

**34.** Барање на Салем Аведат Салем за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**35.** Барање на Хассан Аведат Салем Аведат за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

36. Предлог-одлука за давање во закуп на недвижна ствар со непосредна спогодба на Здружението - Национален комитет на Меѓународниот Совет за споменици и локалитети - ИКОМОС во Македонија - Скопје

37. Предлог-одлука за давање во закуп на дел од недвижна ствар со непосредна спогодба на Универзитетот Св.Кирил и Методиј во Скопје

38. Предлог-одлука за престанување на важење на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски" - Скопје

39. Предлог-одлука за престанување на важење на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националниот сојуз на слепите на Република Македонија

40. Предлог-одлука за престанување на важење на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државното училиште за деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов" - Скопје

41. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" - Скопје

42. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националниот сојуз на слепите на Република Македонија

43. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државно училиште за деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов"- Скопје

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

44. Извештај за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија во 2016 година, со финансиски извештаи за 2016 година, Извештај на независниот ревизор и Финансиски план на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија за деловната 2017 година

45. Извештај за работата на Регулаторната комисија за домување за период од 1 јули 2016 година до 31 декември 2016 година

46. Финансисот план на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2017 година

47. Барање за давање на автентично толкување на член 12 и член 13 од Законот за градежно земјиште, поднесено од градоначалникот на Општина Струга

48. Барање за давање на автентично толкување на членот 104 од Законот за работните односи, поднесено од градоначалникот на Општина Зелениково

**49.** Барање за давање на автентично толкување на член 3 и член 5 од Законот за празниците на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.21/1998 и 18/2007), поднесено од градоначалникот на Општина Чашка

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

**д) други предлози**

**50.** Кадровски прашања

**51.** Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

**52.** Извештај за работата на Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба во 2016 година

**53.** Информација за квалитет на воздухот во Република Македонија, за мај 2017 година

**54.** Информација за квалитет на воздухот во Република Македонија за јуни 2017 година

**55.** Информација за активности на Министерството за внатрешни работи за спроведување на Законот за заштита од бучава во животна средина за период од 1 јануари до 30 јуни 2017 година

**56.** Информација за активности на Министерството за внатрешни работи за спроведување на Законот за јавна чистота во периодот од 1.4.2017 година до 30.6.2017 година

**57.** Информација за активностите на Министерството за внатрешни работи за откриени случаи на криумчарење на земјоделско- прехранбени производи и жив добиток на граничните премини и илегалните премини во период од 1.4.2017 до 30.6.2017 година

**58.** Информација за прогрес на проектот „400 аудио книги за слепи лица”

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

**59.** Предлог-одлука за доделување стипендии на странски државјани од интерес за Република Македонија

**60.** Информација за очекувано производство и откуп на пченица и јачмен од род 2017 година

**61.** Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2017 година

**62.** Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2017 година

**63.** Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2017 година

*

* *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 15- та седница на Владата, одржана на 18.7.2017 година и 17- та седница на Владата, одржана на 28.7.2017 година

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го одложи за наредната седница на Владата разгледувањето на Информацијата за обезбедување на потребните количини дизел гориво и финансиски средства за ангажирањето на механизацијата на Дирекцијата за заштита и спасување за поплавите во Тетово и Скопје во 2016 година, со Предлог-одлука, поради потребата Дирекцијата за заштита и спасување да одржи координативен состанок со Министерството за финансии и Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати заради изнаоѓање на решение за надминување на настанатата ситуација.

Точката претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем.

**Точка 2**

Владата го одложи разгледувањето на Тримесечниот извештај за работењето на ЈП Македонски Железници Инфраструктура за период од 1.1.2017 година до 31.3.2017 година, за наредната седница на Владата, поради отсуство на предлагачот.

**Точка 3**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Тримесечниот извештај за работењето на Македонски железници Транспорт АД - Скопје, за период 1.10. - 31.12.2016 година, со дополнителното образложение, поради отсуство на предлагач.

**Точка 4**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати

за мај 2017 година, со Табеларен приказ, за наредната седница на Владата, поради отсуство на предлагачот.

**Точка 5**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за јуни 2017 година, поради отсуство на предлагач.

**Точка 6**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со барањето за донесување одлука за доделување финансиска помош на МЖ „Транспорт“ АД - Скопје за подобрување на финансиската состојба за наредната седница на Владата поради отсуство на предлагачот.

**Точка 7**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за реализација на проектите: „Бесплатен викенд за млади лица до 27 години за превоз во железнички сообраќај“, „50% попуст за ученици и студенти“, „Бесплатен четврток за студенти во железнички патнички сообраќај“, „Средношколска среда“ и „Бесплатен викенд за стари лица во железнички патнички сообраќај“ за април 2017 година, за наредната седница на Владата, поради отсуство на предлагачот.

**Точка 8**

Владата ја одложи за наредната седница Информацијата за реализација на проектите: „Бесплатен викенд за млади лица до 27 години за превоз во железнички сообраќај“, „50% попуст за ученици и студенти“, „Бесплатен четврток за студенти во железнички патнички сообраќај“, „Средношколска среда“ и „Бесплатен викенд за стари лица во железнички патнички сообраќај“, за мај 2017 година, поради отсуство на предлагачот.

**Точка 9**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за вкупниот одземен конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети со кои управува Агенцијата за управување со одземен имот (за април 2017 година), за наредната седница на Владата, поради отсуство на предлагачот.

**Точка 10**

Владата го разгледа Финансискиот извештај за четвртото тримесечје на 2016 година (сметано од 1.10.2016 година до 31.12.2016 година) на работењето на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 11**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за спроведениот попис на железничкиот сообраќај на главните меѓународни железници (Е- железници) во Република Македонија, во 2015 година и притоа заклучи:

1. Го усвои Извештајот за спроведениот попис на железничкиот сообраќај на главните меѓународни железници (Е - железници) во Република Македонија во 2015 година.

2. Се задолжува Државниот завод за статистика да ги достави податоците од пописот на железничкиот сообраќај на главните меѓународни железници (Е - железници) во Република Македонија во 2015 година до Комитетот за внатрешен сообраќај на Секретаријатот на UN/ECE до 4.8.2017 година.

**Точка 12**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа на Државниот завод за статистика за 2016 година, како материјал за информирање.

**Точка 13**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на Националната номенклатура на индустриски производи, 2008 (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за продажбата на акциите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот од 1- ви април до 30- ти јуни 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со проверка на сите приматели на пензии со евиденција на починати лица со цел да се утврди дали има исплата на пензии на починати лица без основ, ја усвои Информацијата и укажува на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија два пати годишно, до Владата да доставува информација во врска со проверка на сите приматели на пензии со евиденција на починати лица со цел да се утврди дали има исплата на пензии на починати лица без основ.

**Точка 16**

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за обезбедување од дејствија на незаконско постапување (Aviation Security), во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање согласност за распишување на Јавен оглас бр.02/17 за давање во закуп земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари, по пат на електронско јавно наддавање, со текст на Јавен оглас, Предлог-одлука и Предлог-решение, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за давање на согласност на Јавен оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, во предложениот текст.

2. Решението за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари, во предложениот текст.

## Точка 18

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање согласност за распишување на Јавен оглас бр.01/17 за давање во закуп земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, со текст на Јавен оглас, Предлог-решение за формирање Комисија за давање во закуп земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари и Предлог-одлука за давање согласност на Јавниот оглас за давање во закуп земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на јавен оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, во предложениот текст.

2. Решението за формирање Комисија за давање во закуп земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, во предложениот текст.

## Точка 19

Владата го одложи за некоја од наредните седници разгледувањето на Информацијата во врска со Иницијативата за измена на член 4 (2) од Одлуката за 2012/04/EnC- MC при Секретаријатот за енергетска заедница со која Директивата 2009/28/ЕС за промоција на користењето на обновливите извори на енергија стана обврска за земјите потписнички на Договорот за основање на енергетската заедница, во делот за Република Македонија, со текст на Иницијатива.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапката за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Трница“ општина Студеничани согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина („Службен весник на Република Македонија“ бр.194/16), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Спогодбата за соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Советот на министрите на Босна и Херцеговина во процесот на пристапување во Европската Унија, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи и д-р Арта Точи, заменик на министерот за надворешни работи, а за повереници Рамадан Назифи, директор во Министерството за надворешни работи и Наташа Дескоска, директор во Министерството за надворешни работи.

## Точка 22

Владата го одложи разгледувањето на Извештајот за завршени преговори за потпишување на Протокол меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за начинот на изработката на урбанистичко- планска и соодветна техничка документација, поделба на режиските трошоци и трошоците за одржување на заедничкиот објект, како и за начинот на вршењето на граничната контрола на Заедничкиот граничен премин меѓу Република Македонија и Република Косово наменет за меѓународен патен сообраќај „Белановце- Станчиќ“, со усогласен текст на Протоколот на македонски и англиски јазик, за наредната седница, што ќе се одржи на 4.8.2017 година (петок).

## Точка 23

Владата го разгледа Извештајот за учеството на припадници на Армијата на Република Македонија во мировната операција Алтеа во Босна и Херцеговина, во периодот од ноември 2016 година до мај 2017 година, го прифати и заклучи да се достави до Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска, заменик на претседателот на Владата и министер за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за иницијативите на Стопанската комора на Македонија и Нотарската комора на Република Македонија за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот и Законот за извршување и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда во рок од пет дена да формира работни групи, со цел да ги разгледа предлозите од Стопанската комора на Македонија, Нотарската комора на Република Македонија и сите останати заинтересирани чинители за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот и Законот за извршување.

2. Се задолжува Министерството за правда да подготви и до 31 октомври 2017 година до Владата да достави Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот и Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за извршување.

## Точка 25

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Македонија (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и д-р Елми Азири, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереник Мирјанка Алексевска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на реализација на Проектот за користење услуга на бањско климатска рекреација на корисници на пензија, за период март- јуни 2017 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да изврши рангирање и распоредување на корисници на пензија, во период септември- октомври 2017 година, во рамките на средствата обезбедени со Буџетот на Република Македонија за 2017 година, најдоцна до 8 август 2017 година.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да подготви и до 30 ноември 2017 година до Владата да достави информација за реализација на Проектот за бањско климатска рекреација на корисници на пензија за 2017 година.

3. Се укажува на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија да ги преземе активностите за известување на корисниците на пензија за користење на услугата од Проектот за бањско климатска рекреација на корисицници на пензија за 2017 година, за период септември - октомври 2017 година, најдоцна до 8 август 2017 година.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на реализација на Проектот за користење услуга на бесплатен туристички викенд на корисници на пензија за период март- јуни 2017 година и ја усвои со следните најнови заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да изврши рангирање и распоредување на корисници на пензија во период септември- октомври 2017 година во рамките на средствата обезбедени со Буџетот на Република Македонија за 2017 година најдоцна до 8 август 2017 година.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, до 30 ноември 2017 година до Владата да достави информација за реализација на Проектот за 2017 година.

3. Се укажува на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија да ги преземе активностите за известување на корисниците на пензија за користење на услугата од Проектот за период септември - октомври 2017 година, најдоцна до 8 август 2017 година.

**Точка 28**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за „Програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2020“, со најнов текст на Предлог-програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2020 и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, најдоцна во рок од 20 дена да ја достави Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика 2020, на англиски јазик до Европската комисија.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, редовно да го следи спроведувањето и на годишно ниво да ја информира Владата за постигнатиот напредок во реализацијата на Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика 2020, почнувајќи од 1 март 2018 година.

3. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука, најдоцна во рок од 20 дена да иницираат промена на Деловникот за работа на Работната група за Секторот „Образование, вработување и социјална политика", формирана со Одлука на Владата бр.42- 7457/1 од 14.7.2015 година, со цел проширување на составот и внесување на обврските за редовно следење и оценка на напредокот во спроведувањето на Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика 2020.

**Точка 29**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за проектот „Курсеви наменети за потребите на децата од семејства во социјален ризик, односно деца од семејства корисници на социјална и постојана парична помош, деца примателни на посебен додаток, деца приматели на детски додаток, деца без родители и родителска грижа и лица кои до осумнаесет години имале статус на деца без родители и родителска грижа" и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во рок од две недели да формира комисија за разгледување и рангирање на корисници на услуга за курсеви наменети за децата од семејства во социјален ризик, односно деца од семејства корисници на социјална и постојана парична помош, деца приматели на посебен додаток, деца приматели на детски додаток, деца без родители и родителска грижа и лица кои до осумнаесет години имале статус на деца без родители и родителска грижа, со претставници од: Министерството за труд и социјална политика, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Министерството за финансии, Министерството за образование и наука и Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Министерството за образование и наука и Министерството за образование и наука - Биро за развој на образованието, во рок од две недели да подготви програма за курсеви наменети за децата од семејства во социјален ризик, односно деца од семејства корисници на социјална и постојана парична помош, деца приматели на посебен додаток, деца приматели на детски додаток, деца без родители и родителска грижа и лица кои до осумнаесет години имале статус на деца без родители и родителска грижа.

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во рок од две недели да им укаже на центрите за социјална работа да ги информираат лицата кои ги исполнуваат условите за вклучување во Проектот за користење бесплатни курсеви наменети за децата од семејства во социјален ризик, односно деца од семејства корисници на социјална и постојана парична помош, деца приматели на посебен додаток, деца приматели на детски

додаток, деца без родители и родителска грижа и лица кои до осумнаесет години имале статус на деца без родители и родителска грижа.

4. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во рок од две недели. да објави на веб страната на Министерството за труд и социјална политика и во центрите за социјална работа, јавен повик за користење бесплатни курсеви наменети за децата од семејства во социјален ризик, односно деца од семејства корисници на социјална и постојана парична помош, деца приматели на посебен додаток, деца приматели на детски додаток, деца без родители и родителска грижа и лица кои до осумнаесет години имале статус на деца без родители и родителска грижа.

5. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, по завршувањето на активностите за реализација на Проектот за користење бесплатни курсеви наменети за децата од семејства во социјален ризик, односно деца од семејства корисници на социјална и постојана парична помош, деца приматели на посебен додаток, деца приматели на детски додаток, деца без родители и родителска грижа и лица кои до осумнаесет години имале статус на деца без родители и родителска грижа, да ја информира Владата за спроведените активности.

## Точка 30

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Четвртиот министерски форум на земјите членки на здравствената мрежа на Југоисточна Европа и потпишување на Повелбата Кишињев 2017, со усогласен текст на Повелба и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Повелбата Кишињев 2017.

2. Го овласти д-р Арбен Таравари, министер за здравство, со Писмо замена за потпис да ја потпише Повелбата Кишињев 2017, во име на Владата на Република Македонија.

## Точка 31

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Врховниот суд на Република Македонија, за седницата на Владата, што ќе се одржи на 4.8.2017 година (петок), поради потребата Министерството за финансии - Управа за имотно-правни работи да достави ново мислење по дополнетиот материјал и најновиот текст на Предлог-одлуката.

## Точка 32

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Апелационен суд Гостивар, за седницата на Владата, што ќе се одржи на 4.8.2017 година (петок), поради потребата Министерството за финансии - Управа за имотно-правни работи да достави ново мислење по дополнетиот материјал и најновиот текст на Предлог-одлуката.

## Точка 33

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Основниот суд Скопје II - Скопје, за седницата на Владата, што ќе се

одржи на 4.8.2017 година (петок), поради потребата Министерството за финансии - Управа за имотно-правни работи да достави ново мислење по дополнетиот материјал и најновиот текст на Предлог-одлуката.

**Точка 34**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето на Салем Аведат Салем за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија, за седницата на Владата, што ќе се одржи на 4.8.2017 година (петок).

**Точка 35**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето на Хассан Аведат Салем Аведат за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија, за седницата на Владата, што ќе се одржи на 4.8.2017 година (петок).

**Точка 36**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање во закуп на недвижна ствар со непосредна спогодба на Здружението - Национален комитет на Меѓународниот Совет за споменици и локалитети - ИКОМОС во Македонија - Скопје, за седницата на Владата, што ќе се одржи на 4.8.2017 година (петок), поради потребата Министерството за финансии - Управата за имотно-правни работи да достави ново мислење по дополнетиот материјал и новиот текст на Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за култура.

**Точка 37**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање во закуп на дел од недвижна ствар со непосредна спогодба на Универзитетот Св.Кирил и Методиј во Скопје, за седницата на Владата, што ќе се одржи на 4.8.2017 година (петок), поради потребата Министерството за финансии - Управата за имотно-правни работи да достави ново мислење по дополнетиот материјал и најновиот текст на Предлог-одлуката.

**Точка 38**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанување на важење на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски” - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важење на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националниот сојуз на слепите на Република Македонија (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важење на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државното училиште за деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов" - Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националниот сојуз на слепите на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државно училиште за деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов"- Скопје, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија во 2016 година, со финансиски извештаи за 2016 година, Извештај на независниот ревизор и Финансиски план на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија за деловната 2017 година и притоа го утврди следново мислење:

Извештајот за работата, финансиските извештаи и Финансискиот план на Комисијата за хартии од вредност се подготвени согласно член 230 став 1 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија", бр.95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015 и 23/2016), според кој Комисијата за хартии од вредност е должна најдоцна до 31 мај во тековната година да достави до Владата на Република Македонија и Собранието на Република Македонија годишен извештај за својата работа за претходната година, финансиски извештаи за претходната година ревидирани од овластен ревизор и финансиски план за наредната година.

1. Извештај за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија за 2016 година.

Во Извештајот за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија за 2016 година презентирани се активностите на Комисијата за хартии од вредност поврзани со нормативната дејност, лиценцирањето и контролата на учесниците на пазарот на хартии од вредност.

Во текот на 2016 година Комисијата одобрила четири емисии на акции, кои биле реализирани како приватни понуди и една емисија на корпоративни обврзници, но истата не била реализирана.

Во рамки на супервизорската функција, во 2016 година Комисијата извршила вкупно 12 контроли на работењето на брокерските куќи и овластените банки од кои пет непосредни редовни контроли, три посредни вонредни контроли и четири непосредни вонредни контроли, при што не утврдила неправилности во нивното работење. Исто така, Комисијата извршила две редовни контроли во друштва за управување со инвестициски фондови и една вонредна контрола во две правни лица поврзани со друштвата за управување со инвестициски фондови. Врз основа на овие контроли, Комисијата донела едно решение за отстранување на утврдена неправилност кон друштво за управување со инвестициски фондови која е отстранета во определениот рок од Комисијата.

Од аспект на примената на Законот за преземање на акционерски друштва, Комисијата извршила вкупно шест контроли при што поради стекнување на акции спротивно на одредбите од Законот за преземање на акционерски друштва, донела едно решение за ограничување на правото на глас и дивиденда.

Имајќи предвид дека Комисијата за хартии од вредност во 2016 година ги извршувала активностите во согласност со законските овластувања и преземала мерки за непречено функционирање на пазарот на хартии од вредност, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да го усвои Извештајот за работа на Комисијата за хартии од вредност за 2016 година.

2. Извештај на независен ревизор и финансиски извештаи на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија за 2016 година

Според билансот на приходи и расходи, Комисијата во 2016 година остварила вкупни приходи во износ од 91,4 милиони денари, односно за 85,4% повеќе во однос на 2015 година, кога вкупните приходи изнесувале 49,3 милиони денари. Зголемувањето на приходите во 2016 година во најголем дел се должи на остварените приходи од продажбата на деловен простор во износ од 32,4 милиони денари.

Во 2016 година вкупните расходи на Комисијата изнесувале 89,6 милиони денари, односно истите се за 42,5% повеќе во однос на 2015 година, кога изнесувале 62,9 милиони денари. Зголемувањето на расходите во 2016 година во најголем дел е резултат на поголемите расходи за капитални и други средства и изнесувале 55,8 милиони денари. Расходите за плати и други надоместоци за вработените изнесувале 24,6 милиони денари и бележат намалување за 3% во однос на 2015 година, а останатите расходи (материјални расходи и услуги, други расходи) изнесувале 9,2 милиони денари и се за 18,2% помали во однос на 2015 година.

Финансиската година Комисијата ја завршила со добивка во износ од 1,4 милиони денари, која е за 22,6% помала во однос на остварената добивка во 2015 година.

Согласно мислењето на независниот ревизор, финансиските извештаи реално и објективно ја презентираат финансиската состојба на Комисијата, поради што, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да ги усвои финансиските извештаи на Комисијата за хартии од вредност за 2016 година.

3. Финансиски план на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија за деловната 2017 година.

Со предложениот Финансиски план на Комисијата за 2017 година, планирано е Комисијата да оствари приходи во износ од 58,6 милиони денари (намалување од 20,7% во однос на остварените приходи во 2016 година) и расходи во износ од 58,5 милиони денари (намалување за 32,5% во однос на остварените расходи во 2016 година). Според проекциите, во 2017 година, Комисијата планира да оствари добивка од 50.000 денари.

Проекцијата на приходите и расходите е направена врз основа на планираните и реално остварените приходи и расходи во претходната година.

Од тие причини Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да го усвои Финансискиот план за работа на Комисијата за хартии од вредност за 2017 година.

**<u>Точка 45</u>**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Регулаторната комисија за домување за период од 1 јули 2016 година до 31 декември 2016 година и притоа го утврди следното мислење:

Извештајот за работа на Регулаторната комисија за домување се доставува согласно член 110, став 3 од Законот за домување и согласно истиот Буџетот на Регулаторната комисија за домување за 2016 година изнесувал 9.985.000 денари, а неговата реализација на крајот на годината 8.548.962 денари. Освен горенаведените средства, кои се обезбедени на сметката 630- Расходи на основен буџет, Регулаторната комисија за домување во 2016 година располага и со дополнителни средства во износ од 200.000 денари, обезбедени на сметката 631- Расходи на основен буџет. Согласно податоците, реализацијата на овие средства на крајот на минатата година изнесувала 2.124 денари, поради што Извештајот за работата на Регулаторната комисија за домување за периодот од 1 јули 2016 година до 31 декември 2016 година треба да се дополни со овие податоци.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Македонија начелно нема забелешки по доставениот Извештај, но со укажување дека е потребно истиот да се дополни со наведените податоци.

**<u>Точка 46</u>**

Владата го разгледа Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2017 година и притоа го утврди следното мислење:

Финансискиот план е изготвен и доставен до Собранието на Република Македонија согласно член 158- њ од Законот за супервизија на осигурување, според кој Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување е должен, најдоцна до 31 декември во тековната година, да го достави за усвојување до Собранието на Република Македонија финансискиот план за наредната година.

Со Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2017 година, вкупните приходи и вкупните расходи се планирани во ист обем, односно во износ од 80,5 милиони денари.

Планираните приходи се помали за 23,71%, а расходите за 35,04% во однос на планот за 2016 година.

Со оглед на тоа што расходите на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2017 година се планирани во рамки на планираните приходи, Владата на Република Македонија нема забелешки по Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2017 година.

## Точка 47

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 12 и член 13 од Законот за градежно земјиште, поднесено од градоначалникот на Општина Струга и притоа го утврди следново мислење:

Во членот 12 од Законот за градежно земјиште е пропишано дека општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје можат да се стекнат со право на сопственост на градежно земјиште од физички и правни лица. Сопственоста на градежното земјиште на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје, вклучува право на градење на земјиштето, користење на земјиштето, право на пренесување на правото на градење на други лица, како и право на отуѓување на градежното земјиште, согласно со овој и друг закон. Правото од ставот (2) на овој член се стекнува врз основа на правно дело по претходно донесена одлука од страна на советот, или врз основа на судска одлука. Правното дело го склучува градоначалникот на општината, општината во градот Скопје и Градот Скопје.

Во членот 13 од истиот закон е пропишано дека со градежното земјиште сопственост на Република Македонија, во име на Република Македонија управува Владата на Република Македонија. Градежното земјиште во сопственост на Република Македонија може да се отуѓи, да се даде под долготраен закуп, под краткотраен закуп, да се разменува, да се заснова право на стварна службеност, да се даде на трајно користење, да се пренесе правото на сопственост и на него да се востановат други стварни права, на начин и под услови утврдени со овој и друг закон.

Членот 12 од Законот за градежно земјиште на јасен и прецизен начин пропишува дека општините можат да се стекнат со право на сопственост од физички и правни лица, при што сопственоста на општините вклучува право на градење, користење, пренесување како и отуѓување на земјиштето во согласност со Законот за градежно земјиште и друг закон.

Членот 13 од Законот за градежно земјиште прецизно пропишува дека градежното земјиште во сопственост на Република Македонија може да се отуѓи, да се даде под закуп, да се разменува, да се заснова право на стварна службеност, да се даде на трајно користење, да се пренесе правото на сопственост и на него да се востановат други стварни права, на начин и под услови утврдени со Законот за градежно земјиште и друг закон.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Владата на Република Македонија смета дека нема потреба од автентично толкување на членовите 12 и 13 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016), кои се доволно јасни во однос на нивната примена.

Во однос на поставеното прашање поради кои произлегла потребата на општината да бара автентично толкување, се цени дека во зависност од тоа дали за предметното земјиште во

Јавната книга за запишување на правата на недвижностите е запишано право на сопственост на Република Македонија или на општината, потребно е да се спроведе соодветната постапка за давање под закуп согласно одредбите од Законот за градежно земјиште.

**Точка 48**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на членот 104 од Законот за работните односи, поднесено од градоначалникот на Општина Зелениково и притоа го утврди следното мислење:

Со Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015 и 27/2016), во членот 104, дефинирано е дека работодавачот го прекинува договорот за вработување на работникот кога работникот ќе наполни 64 години возраст и 15 години пензиски стаж. Дополнително, во истиот член е уредено дека работникот со писмена изјава до работодавачот може да побара да му се продолжи договорот за вработување најмногу до 67 години возраст, доколку со закон поинаку не е утврдено. Во ставот 3 се утврдува дека писмената изјава од ставот 2 на овој член, работникот ја дава најдоцна до 31 август во тековната година за продолжување на договорот за вработување, а за секое натамошно продолжување на договорот за вработување изјавата ја дава еднаш годишно, а најдоцна до 31 август во тековната година за продолжување на договорот за вработување за наредната година. Според ставот 4 од истата одредба, работодавачот е должен по дадената изјава од ставот 2 на овој член да го продолжи договорот за вработување најмногу до 67 години возраст.

Согласно цитираниот член од Законот, секој работник има право на продолжување на договорот за вработување по наполнување на 64 години возраст. Притоа, писмената изјава за продолжување на договорот за вработување, се поднесува најдоцна до 31 август во тековната година, а секое натамошно продолжување се бара со поднесување на изјавата во годината којашто и претходи на годината за којашто се бара продолжување на договорот за вработување, без разлика дали се работи за маж или жена, најмногу до 67 години возраст. Притоа, ако изјавата е дадена во законски предвидениот рок, работодавачот задолжително треба да го продолжи договорот за вработување, што значи, работодавачот нема слобода да избира дали ќе го продолжи договорот за вработување или не.

Меѓутоа, како и сите права согласно Законот за работните односи, и правото на продолжување на договоротза вработување е право коешто работникот го има за времетраењето на работниот однос.

Во случајот со вработениот во Општината Зелениково, со судска пресуда е утврден незаконски престанок и истиот треба да биде вратен на работа. Ваквата ситуација е регулирана со членот 102 од Законот за работните односи. Според истиот, ако судот донесе одлука со која е утврдено дека на работникот незаконски му престанал работниот однос, работникот има право да се врати на работа по правосилноста на одлуката, ако тоа го бара. Покрај враќањето на работа, работодавачот е должен на работникот да му ја исплати бруто платата која би ја земал кога би бил на работа, согласно со закон, колективен договор и договорот за вработување, намалена за износот на приходот кој работникот го остварил врз основа на работа, по престанокот на работниот однос.

Во текот на постапката, работникот кој го оспорува отказот може да бара судот, привремено, до завршувањето на спорот, да нареди негово враќање на работа.

Дополнително, ако судот со одлука утврди дека на работникот незаконски му престанал работниот однос, а за работникот не е прифатливо да остане во работен однос, судот на барање на работникот ќе го определи денот на престанокот на работниот однос и ќе му досуди надомест на штета. Одлуката на судот дека престанокот на работниот однос е незаконски, судот може да ја донесе и на барање на работодавачот ако постојат околности кои оправдано укажуваат дека продолжувањето на работниот однос, со уважување на интересите на двете договорни страни, не е можен. Притоа, работодавачот и работникот можат барањето за престанок на договорот за вработување да го поднесат до окончувањето на главната расправа пред првостепениот суд.

Од содржината на овој член произлегува дека судот одлучува за сите работи по предметниот спор и работникот кој го оспорува отказот, за сите последици коишто произлегле од незаконскиот отказ, треба да се обрати до судот и судот за истите да донесе одлука.

Во оваа насока, Владата на Република Македонија нема надлежност да дава мислење по судски одлуки, да ги толкува и да влијае на извршувањето на истите.

Согласно наведеното, Владата на Република Македонија смета дека Собранието на Република Македонија не треба да дава автентично толкување на членот 104 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 2520/13, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015 и 27/2016).

## Точка 49

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 3 и член 5 од Законот за празниците на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.21/1998 и 18/2007), поднесено од градоначалникот на Општина Чашка и притоа го утврди следното мислење:

Во Законот за празниците на Република Македонија со членот 2 се уредени државните празници кои се празнуваат во Република Македонија, а со член 3 од истиот закон е уредено дека овие државни празници се неработни денови и доколку истите паѓаат во недела, наредниот ден се смета за неработен ден.

Во Република Македонија покрај државните празници, согласно Законот за празниците на Република Македонија, се празнуваат и неработни денови за верниците од православна, муслиманска и католичка вероисповед, како и за припадниците на турската, еврејската, српската, ромската, влашката и бошњачката заедница.

Во неработните денови кои се уредени со овој закон работникот има право на надомест на плата, односно зголемена плата во согласност со закон и колективен договор.

Во однос на барањето за автентично толкување на Општина Чашка дали правото на зголемена плата во согласност со закон и колективен договор се однесува и на одредбите

од член 3, став 1 од Законот за празниците на Република Македонија, бидејќи истиот член не е спомнат во член 5 од Законот, се подразбира дека во овој член од Законот јасно е наведено дека во неработните денови од членовите 2 и 4 на овој закон, работникот има право на надомест на плата, односно на зголемена плата во согласност со закон и колективен договор.

Во Законот за празниците на Република Македонија во членот 3 јасно и недвосмислено се упатува на одредби кои се однесуваат на член 2 од Законот и од овие причини во членот 5 не се повикува на одредба од член 3, како што се бара во дописот од Општина Чашка.

Што се однесува до прашањата за плаќањата на работник кој работел на празник - понеделник, кога празникот се паѓа во недела се смета дека работникот за овој ден треба да има право на зголемен надомест на плата, согласно закон и колективен договор.

Имајќи го предвид изнесеното, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да не го прифати Барањето за давање на автентично толкување на член 3 и член 5 од Законот за празниците на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.21/1998 и 18/2007), поднесено од градоначалникот на Општина Чашка, со оглед дека истите се јасни и прецизни.

**Точка 50**

1. Владата за членови на Одборот на директори на АД Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, ги избра:

- Борис Дучков
- Стојан Ефтимов
- Митко Костадинов
- Методија Тасевски
- Емрла Укшини
- Зунет Јусуфи

2. Владата за членови на Одборот на директори на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје, ги избра:

- Јасна Оровчанец Анѓеловиќ за независен
- Булент Камбер
- Катерина Јакимовски
- Наташа Смилевска- Тодоровска
- Шеваљ Цеку

3. Владата за членови на Одборот на директори на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, ги избра:

- Кристијан Трајковски за извршен
- Дејан Арсовски за неизвршен
- Џеват Исени за неизвршен
- Силвана Јовчевска за неизвршен независен

4. Владата за членови на Одборот на директори на АД за вршење на енергетски дејности МАКЕДОНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост, ги избра:

- Благојче Котески
- Дејан Цветаноски за неизвршен
- Александра Маројевиќ за независен и неизвршен

5. Владата за членови на Надзорниот одбор на АД во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација (М- НАВ), ги избра:

- Ангел Папеш
- Весна Павлов
- Милорад Милановиќ за независен

6. Владата за членови на Надзорниот одбор на АД за аеродромски услуги „АЕРОДРОМИ НА МАКЕДОНИЈА“ во државна сопственост, ги избра:

- Александар Лескаровски за независен
- Симион Здравев
- Елеонора Фунду
- Јанаки Костов
- Владо Павловски за независен

7. Владата за членови на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа АД - Скопје, во државна сопственост, ги избра:

- Билјана Аврамоска Ѓоревски
- Бојан Јанев
- Кирил Колемишевски
- Фатмир Рамадановски

8. Владата за членови на Надзорниот одбор на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција АД“ - Скопје, во државна сопственост, ги избра:

- Александра Мицоска- Митевска
- Зоран Иванов
- Лилјана Капевска
- Ремзије Биљали за независен
- Татјана Поповска за независен

9. Владата за членови на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за транспорт Македонски железници Транспорт АД - Скопје, ги избра:

- Томче Ѓуровски
- Јане Станковски
- Аделаид Каришич
- Трпко Гиноски

- Панче Трпковски
- Халил Сулејмани за независен
- Башким Османи за независен

10. Владата за членови на Надзорниот одбор на АД за поштенски сообраќај „МАКЕДОНСКА ПОШТА“ - Скопје во државна сопственост, ги избра:

- Гоце Георгиевски за независен
- Марија Цветаноска
- Лазар Коцев
- Марјан Вета од Синдикат на Македонска пошта
- Весна Павловска за независен

11. Владата за членови на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино во државна сопственост - Неготино, ги избра:

- Васко Стефанов
- Јордан Шијаков
- Марина Бојаџиева

12. Владата за членови на Надзорниот одбор на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, АД за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (АД МЕПСО), ги избра:

- Ева Шуклева
- Николче Ацевски
- Даме Коруновски
- Назиф Буши
- Трајче Черепналковски
- Снежана Чундева

13. Владата за членови на Надзорниот одбор на АД за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА во државна сопственост, Скопје, ги избра:

- Верица Узунова
- Златко Петровски
- Ѓоко Ташев
- Сашо Додовски
- Љупчо Кижевски
- Арбан Баи за независен.

14. Владата како доминантен сопственик на Тутунски комбинат АД Прилеп ги утврди предлозите за членови на Одборот на директори и заклучи да му предложи на Собранието на Тутунски комбинат АД Прилеп:

1. За извршни членови на Одборот на директори да ги избере:

- Кире Станковски
- Татјана Стефановска
- Гоце Мојановски

2. За неизвршни членови на Одборот на директори да ги избере:

- Никола Џамбазовски
- Ѓорги Михаилов
- Гоце Јосифовски и
- Шеваљ Цеку

Владата го задолжи повереникот (предложен од министерот за економија), овие предлози да ги даде на Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп закажана за 25 август 2017 година.

15. Владата заклучи да му препорача на претставникот на акциите и уделите стекнати по основ на државен капитал во АД „11 Октомври - Еурокомпозит“ Прилеп, проф. д-р Владо Поповски, од должноста членови на Одборот на директори да ги отповика Христа Најданов-претседател, Данчо Николовски од неизвршен член и Виктор Манасиев од независен неизвршен член.

16. Владата заклучи да му препорача на претставникот на акциите и уделите стекнати по основ на државен капитал во АД „11 Октомври - Еурокомпозит“ Прилеп, проф. д-р Владо Поповски, за членови на Одборот на директори да ги избере:

- Александар Кузески, за прв извршен член -генерален директор;
- Катерина Калешкоска,
- Игор Дамјаноски,
- Тони Петрески,
- Климент Ставрески.

17. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Акционерско друштво ГА - МА - Скопје, за извршен член на Одборот на директори на Друштвото да биде избран Коста Начевски, а за неизвршни членови на Одборот на директори да ги избере Ристо Талевски и повторно да го избере Бејтула Адеми, досегашен член на Одборот на директори.

Исто така, Владата заклучи да му предложи на Собранието на Акционерско друштво ГА - МА - Скопје да ги отповика досегашните членови на Одборот на директори Владимир Стојановиќ и Марија Павловиќ Латас.

18. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Македонски Телеком АД - Скопје:

1. За член на Одборот на директори на Друштвото да биде избран:

- Горан Трајановски, кој истовремено да биде избран и за Главен оперативен директор на Друштвото;

2. За неизвршни членови на Одборот на директори на Друштвото да бидат избрани:

- Сашо Велевски
- Замир Мехмети за неизвршен независен член
- Дивна Ефтимовска за неизвршен независен член
- Анета Симеска и
- Назим Буши, кој да биде реизбран.

Истовремено, Владата заклучи да му предложи на Одборот на директори, Назим Буши да биде избран за претседател на Одборот на директори и Сашо Велевски за заменик претседател на Одборот на директори.

Исто така, Владата заклучи да му предложи на Собранието на Македонски Телеком АД - Скопје да ги отповика досегашните членови на Одборот на директори: Жарко Луковски, Панче Кралев, Небојша Стајковиќ, Александар Стојков и Владимир Здравев.

19. Согласно член 392 став 2 од Законот за трговските друштва Владата го овласти д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата на Република Македонија, да ја претставува Владата на Република Македонија, како акционер во Македонски Телеком АД Скопје, во својство на полномошник, да присуствува на седницата на Собранието на акционери на Друштвото, каде што ќе учествува и ќе гласа во име на Владата на Република Македонија. Полномошното да важи до денот на неговото отповикување, но не подолго од две години од денот на неговото издавање.

20. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Интернационалниот картичен систем АД - Скопје (КаСис АД Скопје), да ја отповика Марија Јакимовска од член на Надзорниот одбор на Интернационалниот картичен систем АД - Скопје, а за член на Надзорниот одбор на Интернационалниот картичен систем АД - Скопје да го избере Филип Аврамчев.

21. Владата го разреши д-р Владо Поповски од должноста претставник на акциите и уделите стекнати по основ на државен капитал во АД „11 ОКТОМВРИ- ЕУРОКОМПОЗИТ“- Прилеп.

22. Владата го разреши Сашо Мојсовски од должноста истражител на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти.

23. Владата го разреши Гоше Стефановски од должноста истражител на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти.

24. Владата го разреши Сотир Костов од должноста претседател- истражител на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти.

25. Владата го отповика Васко Шутаров од должноста директор на Културно-информативниот центар во Софија, Република Бугарија.

25.1. Владата го именува Сашко Насев за вршител на должноста директор на Културно-информативниот центар во Софија, Република Бугарија, на предлог на министерот за култура.

26. Владата го отповика Дејан Лилиќ од должноста директор на Културно- информативниот центар на Република Македонија во Истанбул, Република Турција.

26.1. Владата го именува Рамадан Рамадани за вршител на должноста директор на Културно- информативниот центар во Истанбул, Република Турција, на предлог на министерот за култура.

27. Владата ја разреши Мируше Амети од должноста директор на Државниот испитен центар.

27.1. Владата го именува Неџмедин Садику за вршител на должноста директор на Државниот испитен центар.

27.2. Владата ја разреши Бети Кузмановска од должноста заменик директор на Државниот испитен центар.

27.3. Владата го именува Елвин Хасан за вршител на должноста заменик директор на Државниот испитен центар.

28. Владата даде согласност на Одлуката на Советот на ЈНУ Институт за македонски литература - Скопје бр. 02 - 122/8 од 4 јули 2017 година, со која за директор на Институтот е избрана д-р Маја Јакимовска- Тошиќ, научен советник.

29. Владата го разреши д-р Гоце Џуклески од должноста координатор на Националниот координативен центар за гранично управување.

29.1 Владата го именува Владимир Пивоваров за вршител на должноста координатор на Националниот координативен центар за гранично управување и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

30. Владата ја разреши Лидија Гаврилоска од должноста вршител на должноста директор на Управата за извршување на санкциите, орган во состав на Министерството за правда.

30.1. Владата го именува Јовица Стојановиќ за вршител на должноста директор на Управата за извршување на санкциите, орган во состав на Министерството за правда и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

31. Владата го разреши Дени Ѓорчевски од должноста директор на Бирото за судски вештачења, орган во состав на Министерството за правда.

31.1. Владата го именува Ирфан Одаи за вршител на должноста директор на Бирото за судски вештачења, орган во состав на Министерството за правда и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

32. Владата го разреши Силас Муслиоски од должноста директор на Управата за водење на матичните книги, орган во состав на Министерството за правда.

32.1. Владата го именува Ѓоко Котевски за вршител на должноста директор на Управата за водење на матичните книги, орган во состав на Министерството за правда и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

33. Владата го разреши Зоран Крстаноски од должноста директор на Управата за имотно правни работи, орган во состав на Министерството за финансии.

33.1. Владата ја именува Ејдина Рахмани за вршител на должноста директор на Управата за имотно правни работи, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

34. Владата го разреши Мелаим Адеми од должноста вршител на должноста директор на Државниот девизен инспекторат, орган во состав на Министерството за финансии.

34.1. Владата го именува Максуд Али за вршител на должноста директор на Државниот девизен инспекторат, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

35. Владата го разреши Александар Аргировски од должноста вршител на должноста директор на Бирото за јавни набавки, орган во состав на Министерството за финансии.

35.1. Владата го именува Ѓорѓи Георгиевски за вршител на должноста директор на Бирото за јавни набавки, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

36. Владата ја разреши Наташа Радеска- Крстевска од должноста директор на Царинската управа, орган во состав на Министерството за финансии.

36.1. Владата го именува Ѓоко Танасовски за вршител на должноста директор на Царинската управа, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

37. Владата го разреши Александар Тргачевски од должноста директор на Управата за финансиска полиција, орган во состав на Министерството за финансии.

37.1. Владата го именува Арифат Муареми за вршител на должноста директор на Управата за финансиска полиција, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

38. Владата го именува Блаже Трендафилов за вршител на должноста директор на Управата за финансиско разузнавање, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

39. Владата го разреши Дејан Радосављевиќ од должноста директор на Управата за наменско производство, орган во состав на Министерството за економија.

39.1. Владата го именува Дениз Исмаили за вршител на должноста директор на Управата за наменско производство, орган во состав на Министерството за економија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

40. Владата го разреши Виктор Дерменџиев од должноста вршител на должноста директор на Државниот пазарен инспекторат, орган во состав на Министерството за економија.

40.1. Владата го именува Исен Шабани за вршител на должноста директор на Државниот пазарен инспекторат, орган во состав на Министерството за економија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

41. Владата го разреши Димитар Парнарџиев од должноста директор на Бирото за метрологија, орган во состав на Министерството за економија.

41.1. Владата го именува Роберт Василковски за вршител на должноста директор на Бирото за метрологија, орган во состав на Министерството за економија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

42. Владата го разреши Кадир Салих од должноста директор на Управата за водостопанство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, поради истек на мандатот.

42.1. Владата го именува Славе Арсовски за вршител на должноста директор на Управата за водостопанство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

43. Владата го разреши Оливер Ромевски од должноста директор на Управата за хидрометеоролошки работи, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

43.1. Владата го именува Ивица Тодоровски за вршител на должноста директор на Управата за хидрометеоролошки работи, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

44. Владата го разреши Менсур Камбери од должноста вршител на должноста директор на Управата за семе и саден материјал, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

44.1. Владата го именува Хилми Гаши за вршител на должноста директор на Управата за семе и саден материјал, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

45. Владата го разреши Цветан Трипуновски од должноста директор на Државниот инспекторат за земјоделство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

45.1. Владата го именува Јане Станкоски за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за земјоделство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.
46. Владата го именува Дритон Небиу за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за шумарство и ловство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

47. Владата ја разреши Сузана Кратовалиева од должноста директор на Државната фитосанитарна лабораторија, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

47.1. Владата го именува Миодраг Стевановиќ за вршител на должноста директор на Државната фитосанитарна лабораторија, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

48. Владата го разреши Џевџес Шаќири од должноста директор на Државниот санитарен и здравствен инспекторат орган во состав на Министерството за здравство.

48.1. Владата ја именува Ирина Сотирова Бухова за вршител на должноста директор на Државниот санитарен и здравствен инспекторат орган во состав на Министерството за здравство и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

49. Владата го разреши Милан Аризанкоски од должноста директор на Управата за електронско здравство, орган во состав на Министерството за здравство.

49.1. Владата го именува Беким Хаљими за вршител на должноста директор на Управата за електронско здравство, орган во состав на Министерството за здравство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

50. Владата го разреши Реџепали Чупи од должноста директор на Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, орган во состав на Министерството за образование и наука.

50.1. Владата го именува Милутин Станиќ за вршител на должноста директор на Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, орган во состав на Министерството за образование и наука и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.
51. Владата ја именува Вангелија Велева за вршител на должноста директор на Педагошката служба, орган во состав на Министерството за образование и наука и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

52. Владата го именува Ризван Беља за вршител на должноста директор на Бирото за развој на образованието, орган во состав на Министерството за образование и наука и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

52.1. Владата го именува Ванчо Петрушевски за вршител на должноста заменик на директорот на Бирото за развој на образованието, орган во состав на Министерството за образование и наука и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

53. Владата го разреши Бранко Јаневски од должноста директор на Управата за прашања на борците и воените инвалиди, орган во состав на Министерството за труд и социјална политика.

53.1. Владата го именува Вангел Димков за вршител на должноста директор на Управата за прашања на борците и воените инвалиди, орган во состав на Министерството за труд и социјална политика и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

54. Владата го именува Агим Муртезанов за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа, орган во состав на Министерството за локална самоуправа и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

55. Владата го разреши Ардијан Исмаили од должноста вршител на должноста директор на Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Македонија, орган во состав на Министерството за култура.

55.1. Владата го именува Менфи Илјази за вршител на должноста директор на Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Македонија, орган во состав на Министерството за култура и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

56. Владата го разреши д-р Виктор Лилчиќ од должноста директор на Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура.

56.1. Владата ја именува Елеонора Петрова за вршител на должноста директор на Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

57. Владата ја разреши Марина Наќева - Кавракова од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, орган во состав на Министерството за транспорт и врски.

57.1. Владата го именува Борјанчо Мицевски за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, орган во состав на Министерството за транспорт и врски и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

58. Владата го разреши Ајдуван Мамудов од должноста директор на Државниот комунален инспекторат, орган во состав на Министерството за транспорт и врски.

58.1. Владата го именува Ивица Димитров за вршител на должноста директор на Државниот комунален инспекторат, орган во состав на Министерството за транспорт и врски и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

59. Владата го разреши Јовица Страшевски од должноста директор на Управата за сигурност во железничкиот систем, орган во состав на Министерството за транспорт и врски.

59.1. Владата го именува Абдулкадир Исаки за вршител на должноста директор на Управата за сигурност во железничкиот систем, орган во состав на Министерството за транспорт и врски и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

60. Владата го разреши Јасин Грбле од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за животна средина, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање.

60.1. Владата го именува Мирослав Богдановски за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за животна средина, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

61. Владата го разреши Тони Мартиноски од должноста вршител на должноста директор на Управата за животна средина, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање.

61.1.Владата ја именува Билјана Зефиќ за вршител на должноста директор на Управата за животна средина, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

62. Владата ја разреши Лидија Богдановска од должноста вршител на должноста директор на Службата за просторен информативен систем, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање.

62.1. Владата го именува Зулхајрат Демири за вршител на должноста директор на Службата за просторен информативен систем, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

63. Владата ја разреши Валентина Божиновска од должноста директор на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи.

64. Владата го разреши Февзи Мани од должноста заменик на директорот на Агенцијата за млади и спорт.

64.1. Владата го именува Газменд Ристеми за вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за млади и спорт и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

65. Владата го разреши Васил Наумов од должноста директор на Агенцијата за иселеништво.

65.1. Владата го именува Никола Шалваринов за вршител на должноста директор на Агенцијата за иселеништво и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

66. Владата го разреши Александар Нацев од должноста директор на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

66.1. Владата го именува Стојан Славески за вршител на должноста директор на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

67. Владата го разреши Шабан Салиу од должноста вршител на должноста директор на Дирекцијата за заштита и спасување.

67.1. Владата го именува Аднан Џаферовски за вршител на должноста директор на Дирекцијата за заштита и спасување и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

68. Владата го разреши Џанер Исмаил од должноста вршител на должноста директор на Дирекцијата за радијациона сигурност.

68.1. Владата го именува Светислав Ѓорѓевиќ за вршител на должноста директор на Дирекцијата за радијациона сигурност и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

69. Владата го разреши Мутаир Максуд од должноста заменик на директорот на Центарот за управување со кризи.

69.1. Владата го именува Зеќир Јакупоски за вршител на должноста заменик на директорот на Центарот за управување со кризи и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

70. Владата го разреши Игор Златков од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

70.1. Владата го именува Никола Бабовски за вршител на должноста директор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

71. Владата ја разреши Весна Бабиќ - Петровски од должноста директор на Агенцијата за остварување на правата на заедниците.

71.1. Владата го именува Илхан Рахман за вршител на должноста директор на Агенцијата за остварување на правата на заедниците и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

71.2. Владата го именува Џелал Хоџиќ за вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за остварување на правата на заедниците и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

72. Владата го именува Реси Абдурахмани досегашен директор на Агенцијата за стоковни резерви, за вршител на должноста директор на Агенцијата за стоковни резерви и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

72.1. Владата го именува Бајрам Ѓулиовски за вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за стоковни резерви и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

73. Владата ја разреши Марија Дарковска-Серафимовска од должноста директор на Агенцијата за лекови и медицински средства.

73.1. Владата го именува Роберт Бекироски за вршител на должноста директор на Агенцијата за лекови и медицински средства и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

74. Владата ја разреши Елизабета Зисовска од должноста директор на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи.

74.1. Владата го именува Анте Поповски за вршител на должноста директор на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

75. Владата го разреши Дејан Станков од должноста заменик на директорот на Државниот завод за статистика.

75.1. Владата го именува Зирап Адеми за вршител на должноста заменик на директорот на Државниот завод за статистика и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

76. Владата го разреши Мите Костов од должноста заменик на директорот на Државниот завод за индустриска сопственост.

76.1. Владата го именува Горан Герасимовски за вршител на должноста заменик на директорот на Државниот завод за индустриска сопственост и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

77. Владата го разреши м-р Костадин Јованов од должноста директор на Геолошкиот завод на Република Македонија.

77.1. Владата го именува Науаф Баара за вршител на должноста директор на Геолошкиот завод на Република Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

78. Владата ја разреши Тања Достинова Запрова од должноста директор на КПУ Затвор Струмица.

78.1. Владата ја именува Жанета Радмилова за вршител на должноста директор на КПУ Затвор Струмица и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

79. Владата го разреши Славко Гацовски од должноста директор на КПУ Затвор Битола.

79.1. Владата го именува Драган Крајовски за вршител на должноста директор на КПУ Затвор Битола и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

